СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел.бр. 11

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,
одржана на 27 јануари 1991година

Скопје, 27 јануари 1991 година

5 -  ПЕТТА СЕДНИЦА НА ССБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА  27.I. 1991 ГОДИНА

ДНЕВНИОТ РЕД Е НА СТРАНА 2.

1. АНДОВ СТОЈАН - 9,2 ,31.

2. АБДИ ФАИК - 25

3. АЛИУ ЕШТРЕФ - 37

4. БЕЈЗАТ МУГБИЛ - 8

5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 33

6. ГЛИГОРОВ КИРО – 13.

7. ГАЛЕВ ДИМИТАР - 26

8. ДИМОВА ДОСТА - 35

9. ИВАНОВСКИ СЛОБОДАН - 7,28

10. ИВАНОВСКИ МОМЧИЛО - 32.

11. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 8

12. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 27

13. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 3.

14. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 5

15. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 36

16. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 38.

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

ОД Петтата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 27 јануари 1991 година

Седницата се одржа во сала број 1 на Собранието на СРМ со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитувани гости

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Петата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

На седницава присуствуваат 118 пратеници. Двајца пратеници не најавиле свое отсуство.

Констатирам дека на седницата присуствуваат повеќе од две третини од сите пратеници во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да преминеме со работа дозволете ми, од мое и ваше име да ги поздравам претседателот и членовите на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Македонија, претседателот, потпретседателите и членовите на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Македонија, членовите на Сојузниот извршен совет од Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје и

Универзитетот во Битола, командантите на Скопската армиска област и на територијалната одбрана на Македонија, лидерите на политичките партии што учествуваа на првите повеќепартиски избори во Републиката, претседателот на Сојузот на самостојните синдикати на Македонија, претседателот на Стопанската комора на Македонија, претседателот на Републичкиот одбор на сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија, претседавачот на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, координаторот на делегатите од Социјалистичка Република Македонија во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и поглаварите на верските заедници во Социјалистичка Република Македонија.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на претседател на Социјалистичка Република Македонија

и

2. Избор на потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (нема)

Дали се усвојува предложениот дневен ред? (се усвојува)

Молам да се изјасниме со кревање рака?

Кој е за предложениот дневен ред, молам нека крене рака? (пратениците креваат рака)

Има ли некој против? (нема)

Има ли воздржани? (нема)

Констатирам дека дневниот ред за оваа седница е усвоен.

Преминуваме на дневниот ред.

Минуваме на точката 1 - Избор на претседател на Социјалистичка Република Македонија.

Избор на претседател на Социјалистичка Република Македонија се врши според постапка утврдена во Законот за избор и разрешување на претседател на Социјалистичка Република Македонија и на потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

Група од 54 пратеници поднесе предлог на кандидат за претседател на Републиката.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, врз основа на предлогот, изготви листа на кандидат.

Листата на кандидат и извештајот на Комисијата ви се поделени.

Молам еден од пратениците подносители на предлогот да го образложи предлогот.

Има збор господин Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

После сето она што се случуваше изминатите денови во републиката мислам дека имам право да ви **се** обратам и вам, драги граѓани на Македонија.

Ми причинува посебна чест и задоволство, во името на група пратеници, но и пошироко, во името на огромен број граѓани на Македонија повторно **да го** предложам другарот Киро Глигоров за кандидат за функцијата претседател на Социјалистичка Република Македонија.

(Аплауз)

За значењето на денешниот чин во однос на нашата заедничка иднина и барањето место под сонце на ова напатено парче Македонска земја, за да бидеме свои на своето, нема потреба посебно да говорам. Зашто, цврсто сум убеден, дека по се' она што се случуваше во изминатите денови чувството на историската одговорност што ја носиме како народни пратеници во нашите души уште повеќе зајакна. Доклклу тоа не е така, ќе не' проколнуваат и осудуваат, не само денешните, туку и генерациите што доаѓаат по нас.

Предлогот другарот Киго Глигоров да биде избран на оваа мошне значајна и во овој миг крајно одговорна функција, овојпат е поткрепен со потписи на пратеници од сите политички партии застапени во Парлементот. Тоа ни дава за право да констатираме дека се надминати теснопартиските интереси. Со тоа, исто така, ја покажуваме нашата политичка зрелост, граѓанска свест, одговорност и подготвеност решително да се фатиме во костец со горливите проблеми во Македонија и да бидеме активен и одговорен политички субјект во разговорите за иднината на југословенската заедница. Денес е шанса, што не смееме да ја испуштиме, во тие разговори да не' застапуваат легитимни претставници и со тоа да ја оправдаме довербата што ни ја дадоа граѓаните на изборите во Македонија. Само така можеме да ги исполниме нивните надежи и да обезбедиме подобра и посреќна иднина за сите нас.

И не само тоа, со изборот на другарот Киро Глигоров на оваа функција кој над се' е хуманист и демократ по убедување со несомнен углед и почит во југословенската јавност и пошироко ќе добиеме гаранција дека ќе се забрзаат демократските процеси во нашето општество и Македонија ќе тргне по патот што ќе и' обезбеди прилучок во европските и светските современи демократски интеграциони процеси.

Со изборот на другарот Киро Глигоров за претседател на Републиката, истовремено ќе ја изразиме и демократската волја на огромен број граѓани на Македонија, што така силно се манифестираше изминативе денови ширум Републиката. Тоа беше самоиницијативно организирано своевидено, референдумско изјаснување на народот на работниците и интелигенцијата, независно од нивната национална, политичка и друга припадност. За тоа говорат десетиците илјади потписи и барања на млади, возрасни и старци што се доставени до Собранието на Социјалистичка Република Македонија, со кои се дава целосна поддршка на другарот Киро Глигоров за носител на функцијата претседател на Републиката.

Во името на тоа масовно расположение на народот Ве повикувам да го дадеме својот глас за разумот, за доброто на Македонија и на нејзинтие граѓани.

(громогласен аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Му благодарам на господин Петковски.

Отворам претрес по предлогот за кандидат за претседател на Социјалистичка Република Македонија.

Молам, кој бара збор? Има збор пратеникот господин Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани потпретседатели, почитувани пратеници и почитувани гости.

Еве и јас сакам да изразам едно задоволство, а воедно со мојата дискусија до комуницирам и со вас и со јавноста и со господинот Глигоров.

Ние, а и јас ја ценам личноста на господинот Глигоров, неговото искуство, па и неговите години. Затоа, верувам дека неговата личност неговите години и неговото искуство даваат една гаранција во што ние цврсто веруваме. Понатаму, да имаме едно здраво општество, здрави меѓунационални односи со целосна рамноправност, веруваме и во тоа дека неговата висока професионалност, ценета и призната, ќе овозможи во една среќна иднина да имаме и едно ефективно стопанство за подемократска, послободна и понезависна Македонија.

Веруваме дека господин Глигоров, а за тоа веќе имаме сознанија дека е истресен од тоа што значи ортодоксен комунизам, па затоа веруваме дека понатаму со неговата личност ќе ни овозможи да имаме една посреќна иднина.

Уште еднаш апелирам дека ќе ја има нашата поддршка и на сите ќе ни биде јасно дека тие што ќе протежираат сила, репресија, нерамноправност и неправди, тука е народот во Македонија, ќе им биде прва пречка, заедно со нашиот, верувам, иден претседател, а сите сме исто така сведоци на тоа дека и цела Европа веќе трепка со црвен сигнал дека силата нема веќе место меѓу луѓето.

Затоа, проштевајте што во овој случај веќе можеби вон тоа шта е предвидено во Деловникот јас да кажем една јавна тајна и мојот глас ќе биде господине Глигоров за вас.
Благодарам.

(Аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Слободан Ивановски.

СЛОБОДАН ИВАНОВСКИ:

Поддржувајќи го изборот на Киро Глигоров за претседател на СРМ, Странката на Југословените во Македонија со своите двајца пратеници, а застапувајќи ги интересите на своите членови и симпатизери, смета дека во личноста на Киро Глигоров, ќе имаме компетентен претставник кој ќе ги застапува интересите на Републиката.

Ценејќи ги определбите на господин Глигоров, кон југословенската опција во која Македонија би била рамноправен и поддеднакво уважуван чинител со останатите републики, ценејќи ја неговата политичка широчина и стручност, а истовремено и имајќи доверба во неговата мудрост во овие тешки времиња,  Странката на југословени во Македонија е уверена дека на вистинскиот човек и во вистинско време му ја даваме довербата.

Истовремено, Странката на Југословени во Македонија бара од господинот Глигоров, како претседател на СРМ да стори се' во оваа наша Македонија и оваа Југославија да не биде вовлечена во, за жал, можните трагични настани како и во политичките преговори да даде битен придонес во одбраната на интегритетот на Југославија. Нашето барање кон господин Глигоров се однесува и за итно и неодложно решавање на економските и социјалните тензии во Републиката во што неговиот стручен дигнитег на уважуван економист може и мора да има битно влијание.

Благодарам.

(Аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Бејзат.

МУГБИЛ БЕЈЗАТ:

Господин претседателе, почитувани пратеници, дами и господа.

Во името на Демократскиот сојуз на Турците од Македонија ве обавестувам дека го поддржуваме предлогот на кандидатурата за другарот Киро Глигоров за претседател на Републиката.

Сметаме дека предлогот Киро Глигоров да биде претседател на Републиката е оправдан. Тој е познат општественик, ги има сите морални квалитети и стручности успешно да ја врши оваа висока уставна функција. Мислиме дека е во интерес на сите граѓани на Македонија другарот Киро Глигоров да биде избран за претседател на Републиката, а тоа е во интерес на македонскиот народ и на народностите во Социјалистичка Република Македонија.

Благодарам.

(Аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Крстевски Зоран.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници дами и господа, Се јавувам повторно за збор, повторувајќи го ставот односно поддршката на Сојузот на реформските сили на Македонија на младата демократско прогресивна странка за  предлогот за кандидат за предлогот за претседател на Македонија да биде другарот Киро Глигоров.

Сметаме дека покрај сите морални, човечки, стручни квалитети итн. другарот Киро Глигоров ќе придонесе да продолжи процесот на реформа на нашето општество. Со тоа најконкретно ќе  одговори на сите прашања од витален интерес за граѓаните на Македонија, воедно и на Југославија.
Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Претседателот на Републиката, го избира Собранието на Социјалистичка Македонија со двотретинско мнозинство на гласови на сите пратеници на Собранието со тајно гласање.

За спроведување на гласањето за избор на претседател на Републиката, Собранието по предлог на претседателот на Собранието образува комисија за гласање од пет члена од редот на пратениците.

Комисијата се грижи за обезбедување на тајноста на гласањето.

Комисијата, веднаш по извршеното гласање му пдонесува извештај на Собранието за резултатите од гласањето.

За членови на Комисијата ги предлагам пратениците: Михајло Пановски, Марин Миленковски, Бранко Арсовски, Наиф Мустафа и Наум Симјановски.

Предлогот го ставам за гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (пратениците креваат рака)

Има ли некој против? (Нема).

Има ли воздржани? (нема).

Коснтатирам дека за членови ка Комисијата се изабрани пратениците Михајло Пановски, Марин Миленковски, Бранко Арсовски, Наиф Мустафа и Наум Симјановски.

Гласањето ќе се изврши на следниов начин:

На сите присутни ќе им биде дадено по едно гласачко ливче.

Пред името на кандидатот стои реден број и гласањето се врши со заокружување на редниот број.

Секој пратеник може да гласа само за кандидатот чие име е наведено во гласачкото ливче. Секое внесување нови имиња го чини ливчето неважечко. За неважечко се смета и гласачкото ливче кое не е потполнето како и гласачкото ливче што е потполнето, така што не може со сигурност да се утврди дали пратеникот гласал за кандидатот. Гласањето се врши со прозивка.

Прозивката ја врши секретарот на Собранието.

Пратениците што ќе бидат прозвани доаѓаат до работна маса во салата каде ќе им биде дадено гласачко ливче.

Заради обезбедување на тајноста пратениците за гласање ќе ги користат местата во салата определени за вршење на гласањето.

Откако ќе го извршат гласањето, пратениците свитканите гласачки ливчиња ги спуштаат во гласачките кутии.

Потоа, седницата се прекинува за да се утврдат резултатите од гласањето, а ќе продолжи на знак на ѕвоното.

Ги молам членовите на Комисијата за гласање да ги запечатат гласачките кутии.

(Членовите на Комисијата за гласање ги запечатуваат гласачките кутии)

Ги молам членовите на Комисијата за гласање да присуствуваат кај гласачките кутии, а по завршувањето на гласањето да се повлечат во салата спротив свечената сала, заради утврдување на резултатите од гласањето.

Го молам секретарот на Собранието да почне со прозивка на пратениците.

(секретарот на Собранието Милован Шиковски ги прозива пратениците кои доаѓаат до работната маса и пристапуваат кон чинот на гласањето).

(по паузата)

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

Го молам известителот на Комисијата за гласање да поднесе извештај за резултатите од гласањето.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, врз основа на член 14 од Законот за избори и разрешувања на претседател на Социјалистичка Република Македонија и на потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија, Комисијата за гласање го поднесува следниот извештај за резултатите од гласањето за избор на претседател на Социјалистичка Република Македонија.

Комисијата за гласање во состав: Михаил Пановски, Марин Миленковски, Бранко Арсовски, Наив Мустафа и Наум Симјановски по извршеното гласање од страна на пратениците и пребројувањето на гласачките ливчиња констатирав дека од вкупно 119 пратеници кои гласеле, за кандидатот Киро Глигоров гласале 114 пратеници. Неважечки гласачки ливчиња имаше пет.

Би сакал во името на Комисијата за гласање да кажам дека гласањето беше регуларно, се беше во ред  и во името на Комисијата ја имам таа чест да му честитам на господин Киро Глигоров за изборот.

СТОЈАН АНДОВ:

Врз основа на резултатите од гласањето прогласувам дека Киро Глигоров е избран за претседател  на Социјалистичка Република Македонија, бидејќи доби двотретинско мнозинство гласови на сите пратеници во Собранието што е законска одредба.

Го молам, избраниот претседател на Социјалистичка Република Македонија да даде свечена изјава.

КИРО ГЛИГОРОВ:

Изјавувам дека функцијата претседател на Социјалистичка Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

(се пее Химната на Македонија)

(Бурен аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Претседателот на Социјалистичка Република Македонија господинот Киро Глигоров ќе се обрати на пратениците.

КИРО ГЛИГОРОВ:

(Прилог)

КИРО ГЛИГОРОВ:

Почитуван претседателе,
Почитувани народни пратеници,
Драги граѓани и граѓанки на Македонија

Искрено благодарам за искажаната доверба. Свесен сум за историскиот миг и големата одговорност што ја пренесовте на моите плеќи. Но, ние, за среќа, после повеќепартиските избори сме парламентана држава во која нашето Собрание треба да стане центар на одлучувањето како израз на волјата на народот, а секој дел од законодавната, извршната и судската власт, поделени и контролирани, да ги вршат своите функции самостојно и со полна одговорност, целосна јавност во работата и со почитување на Уставот, законите и пред се' човечките права.

Дозволете ми, исто така, од ваше и свое име да се заблагодариме на досегашното претседателство на Социјалистичка Република Македонија, на чело со претседателот д-р Владимир Митков, за неговата скоро петогодишна дејност и работа, во едно сложено и кризно време кога нашата Република и Југославија требаше да напуштат еден преживејан систем и начин на управување и преминат преку слободни избори во демократско конституирање на повеќепартиски политички живот и парламентарна и правна држава.

Меѓу двете заседанија на нашиот Парламент за избор на претседател на Републиката се покажа дека демократијата е нежна билка која треба да се негува, дека е присутно и расте чувството за одговорност и дека зрее свеста дека конституирањето на суверена Македонија, нејзиното стабилизирање,

создавањето на способни органи на државата, согледување на нашите вистински и реални состојби и излез од кризата, се задачи кои надминуваат било каков и било чиј партиски и парцијален интерес. Зрелоста на една нација секогаш е на испит во вакви времиња. Ако денес можеме да кажеме дека тој испит го положивме, меѓу другото треба да се благодари и на нашата разбудена јавност, на македонскиот народ кој елементарно реагираше против опасноста да бидеме во овој историски миг разделени и неспособни да одговориме на предизвиците на времето, всушност, темелната поука е дека демократијата е многу поширoко поле и од парламентот, од повеќепартискиот живот, таа претставува сложена мозаична слика на многубројни чинители на зрело демократско општество.

Денешниот резултат од гласањето во кое сите парламентарни групи се изјаснија за мојот избор го толкувам како сознание дека претседателот на Републиката е претседател на сите граѓани на Македонија, без оглед на националната, верската или политичката припадност. Радува што и претставниците на сите националности ја дадоа поддршката на мојот избор сето тоа охрабрува, отвора пат за трајна комуникација и успешно функционирање на парламентот, решавање на сите и најчувствителни меѓунационални прашања по пат на дијалог, полно почитување и со
длабоко всадена свест за заедничко, мирно живеење и соработка.

Тоа го ценам како добиен легитимитет да се залагам за нашата Република и за нејзините интереси како претставник на Македонскиот народ, на сите националности и сите жители на Македонија.

само врз таква основа можеме да изградиме суверена и модерна правна држава, способна да донесува и најсудбоносни одлуки за иднината на македонскиот народ, за другите националности што живеат во неа, за сите граѓани на Македонија. Само таква држава може да одлучува слободно со кого ќе живее, во каква југословенска заедница и како ќе се вклучи во заедницата на европските здружени народи.

Првата и неодменлива задача е да го уредиме нашиот дом и да живееме во него како цивилизиран слободољубив народ, ќе бидеме разбрани и почитувани, а нашите интереси респектирани од светот доколку се развиваме како демократско општество, способно да ги уредува внатрешните односи по мирен пат, развивајќи секој вид толеранција - верска, национална, политичка. Ние живееме на балканските простори, на кои се испреплетени многу народи. Секој сака да ја сочува својата самобитност, својата историја и национален дух, а тоа е можно само низ висок степен на разбирање и толеранција и без било каков обид да се загрози соседот, просторите на кои живее и неговите длабоко всадени корени.

Во демократско, повеќепартиско општество до добри одлуки се доаѓа преку борба на различни мислења, алтернативи и низ сестрана јавна дебата. Но, во исто време има прашања за кои е неопходен консензус на политичките партии за да не се доведат во прашање некои основни национални цели и вредности. Поделеноста или неспособноста да се постигаат заеднички решенија по такви витални прашања би воделе кон тешки внатрешни судири, нестабилност и взаемни пресметки. Како што историјата сведочи секогаш таквите состојби биле повод за потчинување, поробување или пак за внатрешно суспендирање на човековите права, демократијата и слободата.

Во прв ред, такви прашања се сувереноста на македонската држава, судбината на деловите на македонскиот народ во соседните држави, односот кон нашата дијаспора и врските со неа. Меѓунационалните односи, определбата во каква заедница ќе живее нашиот народ и со кого ќе се здружи. Не треба да жалиме никаков труд и трпелив дијалог да се договориме и да настапуваме како зрело, демократски конституирано општество кое знае да прави разлика меѓу судбинските прашања и националните стремежи и секојдневно решавање на сите други, иако можеби исто така, сложени прашања за кои треба да се одлучува со вообичаено мнозинство, при тоа мора да се води сметка за малцинското мислење, да се соработува и респектира опозицијата, бидејќи и таа носи голема одговорност и без нејзина активна соработка нема вистински и добри решенија. Без неа и нејзината неодминлива улога Парламентот е фарса.

Почитувани пратеници,

Живееме во време кога македонскиот народ повторно треба да донесува судбоносни одлуки. Тие не се помалку важни од оние што ги донесе 1941-та и 1945-та година. Повторно се работи за нашата судбина: да сочуваме се’ што е спечалено со неброени жртви, изградено со огромен труд, пред се: слободата на македонокиот народ и неговата после Самоила и Крушевската Република, прва држава на македонскиот народ. Иако само на еден дел од Македонија и со еден дел од македонскиот народ, но, во неа се остварува суверенитетот на македонскиот народ и таа е надежта дека македонскиот народ порано или подоцна ќе заживее на единствен културен и економски простор и ќе ги оствари своите легитимни национални цели.  Не смееме да заборавивме дека со столетија се сотираше македонското име.

Иако од овде потекна словенската азбука и писменост, останавме без азбука, без литературата, без можноста дарбата на македонскиот човек да се израти на сите полиња во вид на самосвојна македонска култура. Пратениците на Македонија сакаа да ни ја одземат и нашата историја. Без тие белези би исчезнале како народ. Тие опасности не само да не се исчезнати, туку се повмапируваат како историјата претендентите на Македонија ништо не ги поучила.

Затоа, при сите незадовоства не смееме да заборавиме дека денес нашиот јазик е европски јазик, дека за само 45 години се разви и доживеа процут нашата современа литература, поезија, уметност, со што го одредува културниот лик на еден народ. А, во тоа творештво има врвни дострели кои достојно можат да се мерат со таквите кај сите други југословенски и европски народи.

Затоа кога ги критикуваме и оценуваме одделните периоди од нашата историја да не заборавиме дека без првиот Илинден немаше да дојде вториот, а без него ќе немавме своја држава и се' друго што не чини денес современа европска нација. Сите тие настани се вертикалата што ја краси нашата историја, нашето битие, нашата гордост. Да го осудиме и да се ослободиме од сето она што беше неслобода, насилство, автократско владеење, да ги извлечеме од тоа неопходните поуки, но да не го помрачиме сето она што е национално-ослободително, што не' вброи во Втората светска војна меѓу слободољубивите народи, што останавме сојузници на тие народи. Како резултат од таа борба останува како трајна придобивка на нашиот народ нашата национална слобода и нашата македонска држава.

Во овие пресвртни времиња, националната свест и зрелост на еден народ се искажува со неговата решеност да сочува се' што е

втемелено како трајна вредност и што е резултат на борбата и жртвите на претходните генерации. Но, во исто време и со полна решеност да се отфрли се' што било плод на идејни заблуди и што е надминато и осудено од времето, науката и човечкото искуство. Особено се' она што ја ограничува слободата на човекот, неговите човечки права, правото на иницијатива, на слободна и самостојна економска активност, се' што пречи на слободата, на трудот, умот и творештвото на секој човек,треба без одлагање и без догматски предрасуди да се отфрли и замени со она што е цивилизациски проверено и што го шири кругот на слободите и интегритетот на човекот, неговите интереси и стремежи, на вкупниот прогрес.

Ние веќе имаме Парламент, но треба да се договориме и за способна и одговорна влада и други органи кои ќе можат да ја понесат одговорност во овие пресвртни времиња и со полна спремност и достоинство да бидат рамноправни субјекти во градењето на новиот историски договор за заедничко живеење во Југославија. Ништо нема да може и не смее да се дозволи да се решава без наше учество, без спогодба во која ќе бидат респектирани и втемелени интересите на македонскиот народ и на неговата држава.

Способноста на нашата Влада и нашиот Парламент особено треба да се покаже во решавањето на тешката економска и социјална положба на народот, Без да се очекува дека треку ноќ ќе се решат
напластените тешки кризни состојби, сепак, секој нејзин чекор треба да биде успешно насочен кон излезот од кризата и да отвора перспективи за развој.

Во исто време, ако сме за демократија, не може да бидеме затворени и одбивани, туку

отворени за дијалог, да бараме заеднички точки и меѓусебно разбирање, да се трудиме да се намалуваат и решаваат споровите и судирите, а не да се множат, држејќи за своето не можеме да бидеме зарбеници на било чии митови, шовинистички страсти, да се бориме против сеењето омраза спрема било кој народ, да го шириме кругот на пријателите и разбирањето за нашите цели и во Југославија и во светот.

Економската ситуација е тешка. Кризата трае цела деценија. Излезот од неа е во паралелната преобразба на општеството и стопанството по пат на политички и економски реформи.

Се определуваме за тоа што побрз излез од кризата и за економски подем.

Соборувањето на инфлацијата, конвертибилноста на динарот, слободното стопанисување, преобразувањето на општествената сопственост во други видови сопственост, нов економски циклус и ново вработување, тоа се определбите за кои треба да се вложи секој атом на нашите сили, сета енергија на реформски определените луѓе на целиот народ, за да се дојде до пресврт. Од немоќта, безволноста, растурањето на енергијата и општественото богатство, да се премине во полна активност, да се отвори перспектива за која вреди да се бори и залага секој човек. Ннкој ништо на овој народ не му подарил. Секогаш е се' спечалено со големи жртви и напори.

Сега е моментот кога треба да се искористат сите шански што ги поддржа демократијата и реформата за да се излезе од кризата, да се преуреди општеството според европските мерила и да се фати чекор со прогресот. Имаме квалификувана работничка класа, хуманистичка и техничка интелегенција, имаме запоставено земјделство и село во кое тлеат неискористените потенцијали.

Ако сето тоа се здружи во еден единствен реформски напор успехот нема да изостане. Ние не сме заостаната република според квалификуваните човечки потенцијали. Тие треба да се поттикнат, да се мотивираат и впрегнат во реализацијата на политичката и стопанската реформа, што е единствена гаранција за излез од стопанската неразвиеност и нискиот стандард.

Нашиот народ животно е заинтересиран Југославија да биде така уредена да ја прифаќаат сите и во неа секој народ и секоја Република како држава да го сочува својот суверенитет и под еднакви, рамноправни услови сите народи да одлучуваат за она што е заедничко. Против сме било каква доминација - национална, политичка, економска или партиска и било какво прекројување на републичките граници, без согласност на суверените народи.

Како што сакаме да живееме во мир, соработка и пријателство со сите народи во Југославија, како и со сите соседи и други европски народи, уште повеќе сакаме во Македонија да создадеме и обезбедиме трајно сожителство на Македонците, Албанците, Турците, Власите, Ромите и сите други, да станеме држава на рамноправни граѓани и жители на Македонија, сите подеднакво да ја чувствуваме како своја татковината. Интересите треба да ги бараме во изградбата на Македонија како демократско и прогресивно општество, во кое секој граѓанин ќе се чувствува свој во својот дом и тој да му е иднина и судбина. Сувереноста на Македонија подеднакво треба да е на србе на сите нејзини жители и кон неа да се однесуваат со еднаков респект, без оглед на верската, националната и политичката припадност, сите да создадеме дух на толеранција, на заемно почитување, а не да

се враќаме кон надминатите и историски осудени балкански пресметки кон тесноградоста, заслепеноста од национална омраза.

Оттаму од решавачко значење е да ги здружиме силите во изградбата на таква држава со единствена цел: да победи демократијата и прогресот, да победи мирот и стремежот за соработка и сожителство со сите народи на Југославија. Да победи историскиот стремеж на македонскиот народ да изгради модерна парламентарна држава, со полно почитување на сите човечки права, да биде отворена спрема светот и со ориентација на европска опција. Единствено по тој пат се отвора перспектива да се разреши македонското национално прашање и да се создадат услови за економски просперитет.

Со внатрешното максимално демократско уредување и развиена меѓународна соработка да печалиме пријатели во светот и да се антагонизираме со другите народи и соседи, да создаваме амбиент за свртување кон внатрешната изградба кон решавањето на животните проблеми на луѓето. Само као успешно се развиваме, ако расте нашата економска моќ ќе се прошируваат нашите вкупни можности. А тоа бара од сите нас да расте свеста и способноста за да се поттикне и исползува се’ што е способно и креативно во сите делови и слоеви на нашиот народ. Од тоа ќе зависи успехот само економскиот растеж може да го спречи разочарувањето, одливот на интелигенцијата и работниците надвор, како и евентуалното повторно дејствување на обновени пропаганди, како и дезинтеграција на националната свест.

Почитуван претседателе,

Почитувани народни пратеници,

Драги граѓани и граѓанки на Македонија,

Силно сум возбуден и длабоко благодарен во овој момент кога ми ја доверивте одговорната функција - претседател на Републиката.

Во овој историски миг, што сите неподелено го означуваме како трет илинден, Македоднија испишува нови страници во историјата. Со веќе донесената декларација ја зацврстува својата државност. Тоа овозможува нашата држава да ја уредува врз цивилизациските принципи на умот и демократијата, ги создава основите на економскиот прогрес и политичките слободи. Со еден збор држава која со своите правни и социјални функции ќе му гарантира на човекот да биде човек и да верува во сегашнината и иднината.

Да ја покажеме нашата целокупна политичка и културна зрелост: на Македонија да и’ го вратиме достоинството. "Македонија, тоа широко поле за работа!" не’ учеше гоце. Да создадеме услови да биде вистинска суверена држава. Во неа парламентарната демократија да биде богатство за културен избор, а не поле за нови македонски самоделби. Во неа пазарната економија да ги ослободи сите човечки потенцијали, да гарантира пристоен живот, социјална сигурност и економски просперитет. Во неа меѓунационалната и верската толеранција да ја покажат трајната актуелност и вечната животворност на крушевскиот манифест и АСНОМ. Во неа да живеат среќни и слободни луѓе кои сами ќе се определуваат за здружување во Југославија, во Европа и во светот.

Врз таа платформа и во тој македонски слободарски дух ќе ги вложат сите сопствени умни, психофизички и човечки напори да и го вратиме достоинството на Македонија. Да бидеме свои на своето. Да бидеме широко отворени кон светот, како целосно независен, рамноправен и творечки субјект. Да овозможиме целосно да дише творечкиот потенцијал и родољубивоста на Македонците во Републиката, во соседните земји и среде многубројното македонско иселеништво како знак дека овој мал, но горд народ има свое убаво и бесмртно место под сонцето.

Иднината е во рацете на сите нас!

Македонија е се’ што имаме!

Да живее Македонија!

(долготраен бурен аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Тргнувајќи од големото значење на чинот и документот со кои Социјалистичка Република Македонија и македонскиот народ зачекоруваат во еден нов период на својот општествено-политички и историски развој, предлагаме Собранието да избере делегација која во паузата меѓу двете гласања ќе положи букети свежо цвеќе на Гробот на големиот македонски син Гоце Делчев, во дворот на црквата Свети Спас во Скопје и на Споменикот на партизанските гробишта на Гробиштата Бутел во Скопје.

Во состав на делегацијата ги предлагаме следните претставници Киро Глигоров, претседател на Социјалистичка Република Македонија, д-р Васил Тупурковски, член на Претседателството на СФР Југославија, м-р Глигорие Гоговски, претседател на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Тодор Атанасовски, претседател на Републичкиот одбор на сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија и Стојан Андов, претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

(аплауз)

Молам, дали овој предлог се прифаќа? (се прифаќа)

Кој е за предлогот молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека предлогот е прифатен.

Објавувам пауза до 14 часот.

ФАИК АБДИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван претседателе на Социјалистичка Република Македонија.

Читајќи го предлогот потпишан од нашиот сега избран почитуван претседател на Републиката господинот Киро Глигоров, мислам дека мораме во овој момент да бидеме многу свесни и заради меѓупартиските договори и заради овој момент кој го предлага потпретседателот.

Ова е многу голема работа. Верувајте ми, морам да кажам дека денеска за господинот Киро Глигоров гласаше народот и по овој повод му се обраќам на народот. Ако избереме погрешна личност, пак народот ќе го смени, ќе излезе на улици, ќе пишува фермани и на радио и на ТВ и во печатот, народот ќе се јави. Тоа значи во овој случај ако го избереме Љупчо Горѓиевски и ако не ја извршува функцијата на потпретседател така како што говореше почитуваниот Глигоров, се она што го опфати во своето излагање.

Респектирајќи го предлогот и договорот меѓу партиите и респектирајќи го многу повеќе она што предлогот го дава господинот Киро Глигоров и надевајќи се на она старото дека Револуцијата во Алжир ја спроведува еден човек, стар 35 години Ахмед Бенбела, а сите други млади од 18, 19 и 20 години, знаејќи дека нашата револуција ја изведоа млади луѓе, мислам дека треба да се дозволи на млади луѓе да влезат во Парламентот како што се рече овде "на голема врата". Нека биде и така, но би барал еден коректен однос и малку исправка на програмата на ВМРО во одделни делови, бидејќи тоа е Партија на Гоце Делчев, нека биде во тој дух.

Во име на Партијата за целосна еманципација на Ромите на Македонија, го поддржувам предлогот и мислам дека треба да го дадеме својот глас. Ако работата тече неисправно, сигурно дека народот ќе излезе и ќе бара одредени промени.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? Збор има господин Галев.

ДИМИТАР ГАЛЕВ:

Господине претседателе, господа потпретседатели, дами и господа.

Пред недела дена од името на Партијата на земјоделците на Македонија кога се случи она што не требаше да се случи околу изборот на господинот Киро Глигоров, јас дадов изјава во "Нова Македонија" во која што реков дека не треба да се заобиколува мнозинската партија на ВМРО. Ваму на говорницата истото сакам да го повторам.

И покрај тоа што се гледа расположението дека Љупчо Ѓорѓиевски ќе биде избран, задолжен сум од името на Партијата и од она што го слушнав од господинот Киро да кажам неколку зборови.

Пред се’ сакам и апелирам до пратеницита што треба да го дадат својот глас, да го направат тоа, а како прва причина ја наведувам изјавата и предлогот што го наведе господинот Киро Глигоров. Тие не се без своја тежина. И ако му дадовме доверба да биде прв човек во Републиката, тогаш сметам дека и морално и секакво право и тој да каже, да истапи со свој предлог и да каже со кого најтесно може да соработува. Со тоа не сакам да ги негирам оние кои се произнесоа против кандидатурата на Љупчо Ѓорѓиевски.

Меѓутоа, должен сум да кажам, во еден долг период имав можности да бидам близок со ова младо момче кое што е нераскинлив дел на фронтот на македонското национално единство. Се работи за човек: прво ненаметлив, се работи за човек благ, карактерен и секогаш спремен да прави компромиси. Се радувам од се' срце што и другарите од ПДП и покрај тоа што имаа најмалку допирни точки баш со оваа партија, го процениле ова. Ова ми дава за право да кажам дека во Македонија работите ќе одат на добро.

Како член и тоа нераскинлив член на фронтот на македонското национално единство, јас сметам дека денес овој Парламент ќе го урне засекогаш синдромот што постојано се уништуваме самите меѓу себе. Ова е млад човек, енергичен и се' она што го преземаше, многу малку згреши за годините што ги имаше.

Предлагам од името на нашата партија и од името на фронтот што сме дискутирале за него, да му дадеме целосна поддршка.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Јас сум Ванчо Младенов, инаку да ве потсетам дека бевме заедно кандидати со Љупчо Горѓиевски во изборна единица 68 - Струмица. Резултатите ви се познати.

Јас би го прифатил овој спој Киро Глигоров - Љупчо Горѓиевски како една неминовност, но истовремено и како факт адекватен на состојбата во која моментално се најдовме. Инаку ако успеевме распоредот на времето да го постигнеме поинаку од овој што беше, сигурен сум дека ќе имавме и поинакви решенија. Оттука сакам и јавно да се произнесам дека ќе бидам еден од тие што ќе дадам поддршка и на ова решение. Но, како предуслов ќе ми биде ова што ќе ми дозволите да изнесам пред јавноста и некои дополнителни факти кои таа јавност не беше во состојба да ги осознае.

Колку толку сепак мислам дека е познато дека до сите овие, со сигурност ќе кажам, позитивни промени што дојде, да од едноумие влеземе на голема врата во водите на парламентарната и повеќепартиска демократија и како резултат на тоа ќе обезбедиме сувереност на нашата македонска држава, ќе обезбедиме рамноправен третман во Југославија, ќе обезбедиме признавање и почитување меѓу соседите, ќе обезбедиме посигурен и поширок мост со нашите Македонци во дијаспорот, ќе обезбедиме подобар и побогат живот за оние што останаа без работа и за оние што воопшто и не успеаа да се вработат.

Убеден сум дека ќе успееме уште многу од тоа што досега го очекувавме како трошки, што ќе останеше од нашите поголеми браќа. Но, морам да ви кажам дека сето тоа го започнаа т.н. дисиденти во ЦК на СКМ во претходниот состав кој на Десеттиот конгрес на СКМ за првпат со тајно гласање и со повеќе кандидати од бројот што се избира ја добија довербата. Списокот на тие не е многу голем, но за оваа прилика би го навел првиот, Петар Гошев. Неумесно е за присутен човек, Петар Гошев, да зборуваш и да делиш позитивни епитети. Но, се прашувам дали требаше неговите манифестациони карактеристики да одлучат другарот Перо Гошев во ова значајно време за македонската држава да не најде место во приоритетните функции. Но статисфакција останува дека секоја радикална промена бара жртви.

СЛОБОДАН ИВАНОВСКИ:

Странката на Југословените во Македонија е против изборот на господин Љупчо Ѓорѓиевски за потпретседател на Социјалистичка Република Македонија. Но, да не ви одземам време ќе дадам конкретен доказ.

Ако Љупчо Ѓорѓиевски биде избран за потпретседател треба да потпише изјава во која ќе го брани интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Со оглед на програмските определби на ВМРО и неговите лични изјави во предизборната кампања и до ден денес, или тој не смее да ги потпише, односно не може, или директно ќе влезе во противречност со она што ќе го потпише како изјава. Во согласност со тоа или ќе треба да се промени таа изјава, бидејќи господин Љупчо Ѓорѓиевски предвидуваше дека за два или четири месеци Југославија ќе се распадне и некои такви слични изјави, а ние како странка не можеме да го поддржиме неговиот избор од тие и такви причини.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Според Законот кандидатот за потпретседател на претседателот на Републиката е избран ако добие 2/3 мнозинство на гласови на сите пратеници во Собранието.

Потпретседател на претседателот на Републиката се избира со тајно гласање.

Согласно одредбите на Привремениот деловник, со тајното гласање раководи претседателот на Собранието, на кого му помагаат тројца пратеници, кои ќе ги избере Собранието на самата седница по предлогот на претседателот на Собранието.

Во постапката на гласањето, на претседателот му помага и секретарот на Собранието.

Предлагам во постапките при гласањето да ни помагаат пратениците.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Има ли некој против? (Нема).

Има ли воздржани? (Нема).

Објавувам дека се избрани пратениците Богдан Неделковски, Александар Гештаковски и Агим Фазлиу, кои заедно со секретарот на Собранието ќе помагаат на секретарот при гласањето.

Гласањето ќе го извршиме на истиот начин како и при изборот на претседателот на Републиката.

Пратениците приоѓаат да гласаат.

:

По паузата:

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

Минуваме на точката два. Избор на потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

Изборот на потпретседателот на претседателот на Социјалистичка Република Македонија се врши на истата седница на која е избран претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

Претседателот на Социјалистичка Република Македонија, господинот Киро Глигоров Ви достави предлог за потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија со следниот допис:

"До претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, господин Стојан Андов.

Господин претседателе, информиран сум од Вас дека е постигнат меѓупартиски договор, а со цел да се отстрани опасноста од парламентарна криза и осигура конституирањето на врвните органи на Републиката во овој пресуден миг за решавањето на кризата во земјата, местото потпретседател на претседателот на Република Македонија да му припадне не Партијата ВМРО - ДПМНЕ.

Тој договор , а тој е објавен и во средствата за јавно информирање, почитувајќи го тој договор, а особено мотивите за неговото вклучување, како и фактот дека од страна на ВМРО – ДПМНЕ како единствен кандидат е предложен господин Љупчо Ѓеорѓиевски, претседател на Партијата ВМРО - ДПМНЕ, предлагам на Собранието на Република Македонија да го избере за потпретседател на претседателот на Република Македонија господин Љупчо Георгиевски.

Претседател
на Републиката,
Киро Глигоров"

Покрај овој допис доставена ми е изјава на господин Љупчо Ѓорѓиевски дека ја прифаќа кандидатурата за ова место, а исто така и кратка, краток допис со биографски податоци.

Сите овие акти вас ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот на кандидат за потпретседател на претседателот на Републиката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Момчило Ивановски.

МОМЧИЛО ИВАНОВСКИ, потпретседател на Работничката партија:

Другар претседателе, другари потпретседатели, претседателе на Република, пратеници.

Имам особено задоволство да констатирам дека, престете ми на зборовите од малиот мозок кој што служи за рамнотежа преидовме
на големиот пред малку. Изузетно сум задоволен од она што се случи пред два часа. Тоа е став на работничката партија. Не би сакал да се враќаме повторно на малиот мозок и повторно да правиме компромиси кои што овој народ веќе добро ги оцени и ги искуси на својата кожа.

Работничката партија е сосема против кандидатурата на Љупчо Ѓорѓиевски за потпретседател. Кога доаѓав овдека бев замолен да бидам тактичен, бидејќи не припаѓам на категоријата тактични, па за моја среќа во говорот на господинот претседател се собрани сите елементи кои зборуваат каков треба да биде и потпретседателот. Не би сакал да кажам зошто нашата партија смета дека Љупчо не може да биде, бидејќи никаде, ни во едно место на говорот на претседателот на Македонија Љупчо не може да го најдеме. Не би ги трошел повеќе ни вашето време, ни вашите зборови, ние сме во целост против оваа кандидатура.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збора господин Владимир Голубовски.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Овој чин на предлагање за потпретседател на Љупчо Ѓеорѓиевски го сметам за неразумен и срамен. Срамен за Парламентот, срамен за Македонија. Македонија во време кога доживува социјални потреси кога треба да се најде излез преку компентенција, кога треба да се најде излез преку смирување на јавноста, да поверува овој Македонски народ дека некој може да го поведе напред оставаме на една примитивна логика, би рекол , победничка, од некои други времиња кога во име на победата можело да се приграбаат права кои што цивилизираниот свет не може да ги прифаќа. Живееме во време кога цивилизациските критериуми поставуваат други барања и друга проверка.

Најпрво да констатирам дека онакава победа, каква што ВМРО - ДПМНЕ избори пред Македонската јавност не беше победа само на еден човек, тоа беше едно емотивно доживување, едно верување на надеж дека Македонија побрзо ќе излезе од кризата, ќе стане побрзо суверена држава. Оттаму произлегува дека ниеден поединец ни во таква една релативна победа, во позиција на една победничка партија не може да си постави такви права да целата политика, целата концепција на сите оние што заедно, повеќе луѓе ја стварале таа партија и што го уверуваа народот дека се можни излези за оваа Македонија ги фрли да девалвираат само заради тоа што ќе ги стави во своја служба, затоа што ќе ги уценува другите политички партии, затоа што ќе ги уценува со парламентарна криза за да се доживее материјална и статусна сатисфакција, лична и

што е најтрагично да се воведе некомпентенцијата на голема врата, а со тоа и негативната селекција која што со десетлетија владее во Македонија.

Јас не би сакал да го губам своето лично ниво и да навлегувам во аргументација подетално за она што вас ви е познато во јавноста, што се случуваше за овие два месеци и околу контраверзата на личноста на Љупчо Ѓеорѓиевски, меѓутоа, да ве потсетам на една реченица која што тука сигурно не одговара на вистината, а каде што пишува дека кога е во прашање сувереноста на Македонската држава се покажа како непоколеблив и мошне радикален во приодот. За мене е можна конфедерација со држави кои што не ја признаваат Македонија и македонскиот народ, а која што беше најавена, недемантирана, не може да претставува гаранција дека некој мисли да сувереноста на таков начин може да се брани.

Исто така, само за во интерес на вистината, ќе реагирам само на овој документ, каде што тука некој неодговорно пишувајќи ги биографските податоци кажува дека е идеен создавач. Понатаму кажува дека е единствен во креирањето на програмата итн. Барем, уште еден идеен водач јас знам дека постои, иако и друг има право и тоа со вистинското право да каже дека стои зад оснивањето на онаа, берем, автонтоната партија на ВМРО.

Исто така, идеен водач бара да се признае и такво право Љупчо Ѓеорѓиевски и во јавноста му даваше на Драган Богдановски.

Премногу работи има тука нејасни, премногу контроверзни и јас би го проширил моето размислување во следниот правец.

Заради тоа што се работи за интересите на еден народ сметам дека денеска подобро е да погрешиме еден човек, дури и да го онеправдаме, заради тешките сомневања што висат пред се заради

Македонските интереси, ако лоцираме човек за кои што толку контраверзии има на така одговорно и високо место. Не сакм да навлегувам во она друго, што обично граѓаните го зборуваат, во разговорите и со индигнација одбиваат можноста дека такво нешто може да се случи денеска во парламентот дека без работно искуство, без животно искуство, без морални, би рекол, квалитети. И други квалитети, кои што еден политичар треба да ги верифицира пред својот народ можно е да се дојде на така политичко ниво и така лесно да се влезе во креирањето на судбината на еден народ.

Јас би ве запрашал на крај само ова: Оние аналитичари кои што ја проценуваат ситуацијата во Македонија, во Југославија и надвор, посебно кај соседите, сигурно ќе ги охрабри еден неразумен чин да помислат дека во Македонија се' е можно, секаква опција. Сигурно дека тоа нема да одговара на глобалните интереси на Македонија ниту во Југославија, ниту кај соседите.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали некој друг бара збор. Има збор госпоѓа Доста Димовска.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници,

Истапот на господинот Голубовски не е неочекуван. Побудите мотивите, и причините за тоа помалку или повеќе на сите нас ни се познати, најмногу на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

Сето ова претставува израз на лично незадоволство пред неможноста да се задоволат личните апетити на господинот Голубовски. Ова всушност не е ништо ново. Ова е само дел од мозаикот клевети и инсинуации, упатени на чистото лице на водачот на нашата партија Љупчо Ѓеоѓиевски. Не би требало ова место и овој извонредно

значаен и свечен чин за Македонската држава да се злоупотребува. Господинот Голубовски е жртва само на својата преголема амбиција, која еве за жал, се' уште не спласнува. Ова е само уште еден доказ за тоа.

Ги повикувам сите пратеници во ова Собрание да ги отфрлиме сите заедно овие лаги и опструкции, без основа и да не дозволиме желбите и амбициите на господинот Голубовски да се најдат пред интересите на Македонската држава.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Томислав Стојановски

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Сметав дека не ќе има потреба да се јавувам за збор затоа што денеска, навистина, имавме свечен ден, избравме прв човек. Сметав дека за вториот човек дека има потреба толку да полемизираме. Меѓутоа, се јавија одредени личности по лично свое наоѓање да најдат за сходно и кажат некои збор , кој сметајќи ќе нанесе штета на личноста на потпретседателот.

Во самото претставување дека се нашол договор помеѓу партиите за одредување на која партија ќе и' припадне кој персонално да биде застапен, меѓутоа тоа не беше само на која партија ќе и биде правото да делегира, да каже кој ќе биде се разговараше и се преговараше и која личност ќе биде. Според тоа, ние не случајно одлучивме да во постигнување на тој меѓупартиски договор и го кандидираме господин Љупчо Ѓорѓиевски.

Ние на 25-годишна возраст не можеме на човек да наоѓаме недостатоци кои ќе имаат некаква си морална или политичка неподобност. Малото време на живеење, учеството да се наметне како политички раководител на една партија која по старост, не треба да говорам е најстарата македонска партија е оживеа, е доволен доказ дека е човек со цврсти ставови и разбирања. Според ова, нека опрости господин Голубовски јас сум човек на мир и разум, луѓето кои бараат на друг мана треба прво да ја видат својата. Овде е работа и жал што тој не го заземал ова место. Не сакам да ги истакнувам неговите недостатоци, само говорејќи дека наоѓа на млад човек кој немал време да се исквари наоѓа недостатоци, не ги видел своите.

Друго, уште едно, сметам кога дојде до договарање избраниот претседател не е само од мир, или како првиот дискутант што рече да го повикаме на помош малиот мозок за некоја рамнотежа. Не се работи за рамнотежа. Туку се работи, знаеме една работа ниту еволуција, туку револуција завршува со старите, туку започнува со младите луѓе и младите мозгови. Токму од оваа природна појава ние се одлучивме кога имаме еден цврст разум, стабилизиран човек кој ќе ни биде претседател, да изградиме кадар, преку ова Собрание кое ќе може навистина после овие четири години да имаме навистина здрав кадар кои ќе се искали по насоките на ова Собрание.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор? Има збор господин Ештреф Алиу.

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Ценето претседателство, ценети гости дами и господа, другари пратеници.

Пред се ППД ценејќи го над се’ дадениот збор, држејќи се принципиелно и дисциплинирано кон меѓупартиските договори, имајќи ја во предвид во негативна смисла на наша целосна определба за кандидатот неискуството, но надокнадувајќи го тоа со надеж дека не е прв пат една млада личност да влезе низ големи врати во историјата на еден народ, или конкретно и во овој Македонски Парламент. Не би сакал да ве замарам, сакам само да ве потсетам на долгогодишните водачи кои ја водеа револуцијата на свои плеќи сите биле помеѓу свои 20 или 30 години возраст. Мислам дека и овој  Парламент и овие пратеници и наш искусен, сега избран ценет претседател и нашиот претседател на Парламентот и Партијата која го предлага се три компоненети на кои бездруго би требало да им се верува дека анализирајќи ја конкретно личноста која партијата го нуди, нашле доволно елементи врз кои можеле да се определат и како таков да ни го предложат како потпреседател, на нашиот ценет сега избран веќе претседател.

Ценам дека и должност ми е да се свртиме кон младите. И да се надеваме дека овој млад човек влезен низ големи врати или порти, со конкретна работа и залагање ќе ја оправда довербата која му ја подата ППД во коалиција со НДП.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Трпчевски.

ТРПЧЕВСКИ ДУШАН:

Почитуван господин претседател, почитувани потпретседатели, дами и господа.

Имам чест во овој миг на конституирање на власта во Република Македонија за потпретседател на Претседателот на СРМ да го предложам господинот Љупчо Ѓеорѓиевски.

Уверени сме дека нас никој нема да не осуди што на зрелоста и мудроста во овој заеднички историски миг им ја приклучуваме младоста, енергичноста и радикалноста. Напротив, ќе биде тоа возвишен показ кон сите нас, кон намерата патот што го започнуваме да не води во сигурна иднина.

Предлогот господин Љупчо Георѓиевски, да биде потпреседател на Република Македонија ќе рече и тоа дека во пресуден момент се враќа односно покажува расположба за својата автентична традиција. Та, нели сите кои си ја приграбуваат љубовта кон својата Македонија беа и млади и енергични и умни. По изузев прекин еве ја и таа традиција повторно со нас, како израз на длабоката волја на Македонскиот народ. Поначесто посакуваме да кажеме - синовите на татковината не се раѓаат така често и по ничија желба. Но, ние сакаме секогаш да веруваме во тоа раѓање.

Во личноста на господин Љупчо Ѓеорѓиевски се содржани човечки квалитети и вредности , кои, ете тој 25-годишен млад човек го донесоа во реткиот миг во животот на луѓето да го види и доживее тоа што го посакувал, тоа за кое мечтаел, еднаш Македонија да стане суверена држава, држава на својот народ. Како претседател на најбројната во овој дом, Македонската партија, тој копнеж постојано го изразуваше, а од сега се надеваме ќе започне и да го остварува на начин прифатлив за сите нас, за сиот Македонски народ.

Овој чин за кревката македонска демократија е повеќе од сигурен знак за подобрата иднина. Знак дека сепак демократијата во Македонија од денес нема да се мери со напади и обвиненија.

(После паузата седницата продолжи во 15,45 часот).

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со работа.

Врз основа на резултатите од гласањето објавувам дека од вкупно 119 пратеници кои гласале за кандидатот Љупчо Ѓорѓиевски гласале 78 пратеници.

Неважечки гласачки ливчиња има 41.

Врз основа на овие резултати од гласањето, објавувам дека господин Љупчо Ѓорѓиевски не е избран за потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија, бидејќи не доби 2/3 мнозинство гласови на сите пратеници во Собранието и, согласно Законот, гласањето се повторува.

Гласањето ќе се изврши на истиот начин како и во првиот круг на гласањето.

Откако сите присутни пратеници ќе гласаат, седницата ќе се прекине за да се утврдат резултатите од гласањето и ќе продолжиме на знак на ѕвоното.

Ги молам членовите на Комисијата за гласање да ги запечатат гласачките кутии.

(Членовите на Комисијата за гласање ги запечатуваат гласачките кутии)

Го молам секретарот на Собранието да почне со про-
зивка на пратениците.

(Секретарот на Собранието на СРМ господин Милован Шиковски почнува со прозивка на делегатите кои пристапуваат кон чинот на гласањето).

Молам да се прекине гласањето бидејќи членот на Комисијата за гласање предупредува дека една од кутиите не е добро запечатена. Молам кутијата да се запечати.

(Откако е повторно запечатена гласачката кутија, за што е информиран претседателот, гласањето продолжува).

Предлагам пауза од половина час за да може Комисијата за гласање да ги преброи гласачките ливчиња и да не извести за резултатите од гласањето.

На знак на ѕвоното седницата ќе продолжи.

(После паузата седницата продолжи со работа во 16,45 часот).

Продолжуваме со работа.

Врз основа на резултатите од гласањето објавувам дека од вкупно 118 пратеници кои гласале, овој пат еден пратеник помалку, за кандидатот Г-дин Љупчо Ѓеорѓиевски гласале 73 пратеници.

Неважечки гласачки ливчиња има 45.

Врз основа на резултатите од гласањето објавувам дека г-дин Љупчо Ѓеорѓиевски не е избран за потпретседател на претседтелот на Социјалистичка Република Македонија, бидејќи не доби двотретинско мнозинство гласови на сите пратеници во Собранието и, согласно Законот, се повторува целата изборна постапка.

Бидејќи дневниот ред за денешната седница е исцрпен, ја заклучувам Петтата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Наредната седница ќе биде свикана по писмен пат.

(Седницата заврши во 16,50 часот).